*Проф. ЉУПЧО КОПРОВСКИ*

## *35 ГОДИНИ ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ*

*На 16 декември 1946 година, точно пред 35 години, беше основан и почна со работа Филозофскиот факултет како прва високо-образовна институција во СР Македонија. Во првиот семестар беа запишани 549 студенти, а наставата ја изведуваа 11 редовни наставници и еден асистент.*

*Во услови непосредно по социјалистичката револуција во Титова и слободна Југославија, со еруптивен ентузијазам, почна еден историски чин, особено значаен за македонскиот народ, за неговата култура, кој по вековните напори и битки ја узвојува својата слобода и самостојност, историски чин кој ги удираше темелите на првиот македонски универзитет.*

*Во овој миг, кога ја одбележуваме 35-годишнината од тој чин на скромен но достоинствен начин, изразуваме пиетет и голема благодарност на првите творци и ентузијасти, кои во оние историски услови, со кудни материјални и кадровски можности со помош и ангажирање на општествената заедница го условија брзиот и сестраниот развој на оваа високообразовна организација.*

*35 години е релативно мошне краток период за развојот на една општествена област како што е Универзитетот. Сепак, огромните творечки резерви на македонскиот народ, потиснувани со векови, во новите социјалистички услови, услови на Титова самоуправна Југославија на рамноправни народи и народности и во овој краток временски период најдоа невиден брз развој и таков степен на развојот што денес е карактеристика и за развиените земји во светот.*

*Дејноста на Филозофскиот факултет се одликуваше со школување и изградување на повеќе илјади кадрови кои се вклучија скоро во сите области на општествениот труд, но едновремено факултетот вршеше и квалитетна кадровска репродукција за сопствениот развој што најде свој израз и во создавањето на услови за оснивање и развој и на Институтот за македонски јазик и на Институтот за национална историја. На тој на-*

*чин факултетот перманентно беше и жариште на еден поширок културен и научен амбиент во нашата Република.*

*Ваквиот тренд на развој на Филозофскиот факултет се одрази на многу поширок научен, културен и општествен план за што сведочат бројните активности и признанија. Неколку членови на овој динамичен научен, културен, педагошки и општествен организам се добитници на највисокото сојузно признание —наградата АВНОЈ, добитници на највисокото републичко признание — наградата „11 Октомври" потоа добитници на наградите „Климент Охридски", „Гоце Делчев", „13 Ноември" и др. Зад овие признанија стојат повеќе илјади високостручни и научни фундаментални трудови од кои со нужната селекција еден дел од нив се оценувани како врвни остварувања.*

*Еден знатен дел од составот на МАНУ уште од нејзиното основање го сочинуваат врвни кадри, професори на овој факултет.*

*Поголем дел од научните кадри на факултетот работеа и работат на повеќе научно-истражувачки проекти. Членови на овј колектив се повеќегодишни главни и одговорни уредници на сојузни и републички научни списанија, како на пример на „Жива антика", „Просветно дело". „Историја", Литературен збор", „Филозофска трибина", „Ликовна уметност" и др.*

*Во изминатиот период во повеќе наврати од редовите на нашиот факултет беа бирани неколку ректори и проректори на Универзитетот „Кирил и Методиј", неколку членови на Извршниот совет на Собранието на СРМ и ресорни републички секретари за образование, наука и култура, членови на ЦК СКМ и во други значајни општествени тела.*

*За сиот овој изминат период развојот на Филозофскиот факултет го карактеризира особена динамика. Факултетот во кој се изучуваа во почетокот фундаменталните општествени и природни науки, беше основата од која во 1958 година се конституира Природноматематичкиот факултет, а во 1974 година и Филолошкиот факултет. Денес Филозофскиот факултет претставува основна организација на здружен труд со 8 наставно-научни студиски групи и тоа: за филозофија, за педагогија, за социологија, за психологија, за историја, за историја на уметноста со археологија, за класични студии и за општонародна одбрана. Во рамките на Факултетот постојат и две посебни катедри: за марксизам и за општонародна одбрана и општествена самозаштита. Покрај тоа со новите интегративни процеси, Филозофскиот факултет и Институтот за национална историја се здружија во единствена работна организација како Факултет за историско-филозофски науки.*

*На Филозофскиот факултет, на осумте наставно-научни студиски групи досега дипломираа околу 3.000 студенти, а со среднорочниот план до 1985 година се предвидува да дипломираат уште 800 студенти.*

*Педагошката работа со студентите и изградувањето на научни от подмладок станува постојана грижа на овој факултет. Последниве години, следејќи ја општата политика за упис, на факултетот се намалува бројот на студентите иако интересот на младите луѓе за овој факултет и натаму е нагласен. Во оваа учебна година се запишаа 480 студенти на сите наставно-научни студиски групи, но од друга страна сѐ побројни се оние кандидати кои доаѓаат со одличен и многу добар успех, а се зголемува и ефикасноста на студирањето. Ово тјренд е обусловен и од перманентните реформски зафати по однос на наставните планови и програми, режимот на студирањето, интензивирањето на наставата и разновидните облици на активна комуникација со студентите. Студентите на нашиот факултет се вклучени во сите самоуправни и други органи, израснуваат во субјекти на развојот на факултетот и на сопствениот развој.*

*Филозофскиот факултет денес има солидна кадровска база која овозможува поливалентна активност во повеќе насоки. Организирана е постдипломска настава на сите наставно-научни студиски групи освен на Групата за општонародна одбрана која е во развој. Наши кадри учествуваат во изведувањето на наставата на интердисциплинарните студии по новинарство и општотехничко образование. Како матичен факултет Филозофскиот факултет обезбедува настава по основите на марксизмот и општонародна одбрана и општествена самозаштита на сите факултети и виши школи а обезбедува настава и по повеќе одделни научни дисциплини кои се изучуваат на другите факултети. Денес Филозофскиот факултет има 137 вработени од кои поголемиот број се наставници, доктори на науки и асистенти-магистри. На факултетот, во денешниот состав, одбранети се досега околу 50 докторски дисертации.*

*Факултетот како база за работа на студентите и како база за солидна научно-истражувачка работа располага со огромен библиотечен фонд. Во осумте библиотеки се наоѓаат околу 70.000 книги и 26.000 броеви на списанија. Како солидна наставна база претставува уште Естетичката лабораторија, Лабораторијата по психологија и Електронската училница.*

*Респектирајќи ги крупните постигања во развојот на Филозофскиот факултет за ова 35-годишно живеење, денес сме соочени со нови напори за радикална реформа на високото образование, со потребата од поинтензивна трансформација на факултетот во новите самоуправни општествени услови, со потребата од порационална организација на работата, на педа-*

*гошкиот и научниот труд. Педагошкиот и научниот немир и творечките сили имаат отворен простор во нашето општество, општество на самоуправувачки креатори, општество на здружениот труд, општество на заедништво со јасни перспективи и добра иднина.*

*Постарата генерација на нашиот факултет остави убава традиција и добар пример за работа и творештво. Постапно, на таа солидна основа, одговорноста ја презема средната и помладата генерација.*

*Следните јубилеи да очекуваме да бидат манифестација на нови постигања и забележлива нагорнина во развојот на Филозофскиот факултет.*